Наслов на трудот: **Улогата на судијата за малолетници  во системот на малолетничка правда**
Име и презиме на авторот: **д-р Лазар Нанев**
Институција: Основен суд Кавадарци
Позиција: судија - претседател на судот

Апстракт

Трудот е посветен на  улогата  на судијата за малолетници во системот на малолетничката правда посебно во водењето на судската постапка согласно одредбите од Законот за малолетничка правда. Со новиот концепт на Законот за малолетничка правда се менува  улогата на судијата за малолетници. Судската постапка спрема малолетник за сторено кривично дело се поведува само по барање на јавниот обвинител. Судијата за малолетници ја спроведува подготвителната постапка, донесува одлуки во прекршочната постапка  спрема малолетникот, претседава со советоот за малолетници и врши други работи определени согласно Законот за малолетничка правда. Во подготвителната постапка спрема малолетникот покрај фактитте што се однесуваат  на кривичното дело посебно се утврдуваaат околностите кои се однесуваат на личноста на малолетникот. Судијата за малолетници по приемот на предлогот од страна на јавниот обвинител  закажува седница на советот или главен претрес заради завршување на случајот.

Клучни зборови: малолетник, судија за малолетници, совет за малолетници, советници за малолетници, подготвителна постапка.

The role of juvenile judge in the system of juvenile justice

**Lazar Nanev, Ph.D.**Judge, President of the court

An abstract

The paper is presenting the role of juvenile judge in the system of juvenile justice, according to the provisions from the Law for juvenile justice. This role has been changed with the new concept of the Law for juvenile justice. The court procedure against a juvenile for a committed crime can be initiated only on the request from the public prosecutor. The juvenile judge implements pre-trial procedure, takes decisions in the procedure for minor offence against a juvenile, presides with the council for juveniles and performs additional activities determined with the Law for juvenile justice. Within the pre-trial procedure, not only the facts regarding the crime committed should be determined, but also the circumstances related to the personality of a juvenile should be determined as well. After the receipt of the proposal from the public proposal, the juvenile judge convenes a session of the council or main proceedings.

Key terms: a juvenile, a juvenile judge, a council for juveniles, counselors fro juveniles, pre-trial procedure.

## 1. Вовед

Согласно Законот за судовите (Службен весник на РМ, бр. 58/06, 11.05.2006), во Република Македонија судската власт ја вршат судовите. Судовите се субјекти кои вршат една од основните функции во кривичната постапка и тоа функцијата на пресудување.

Дејствијата со кои се подготвува правилно пресудување на кривичната работа претставуваат посебен стадиум на постапката т.н. претходна или подготвителна, по која доаѓа главниот претрес,на кој се донесува дефинитивната одлука.

Спроведувањето на овие подготвителни дејствија исто така им е доверено на судовите, што уште повеќе ја истакнува нивната улога во кривичната постапка.

Законот за малолетничка правда (Службен весник на РМ, бр. 87/07, 12.07.2007), детално ја утврдува организационата и структурна поставеност на специјализираните судски оддели за малолетнички криминалитет формирани во основните судови со проширена надлежност.

Воспоставувањето на новиот концепт на малолетничка правда овозможува постапување со малолетникот без да се прибегнува кон формален судски процес согласно принципите од Конвенцијата за правата на детето ( ООН 1989 година) посебно на принципот ... ***сé во најдобар интерес на детето***....како и на останатите прописи на ОН за заштита на малолетниците лишени од слобода, со цел, да може да се обезбеди висок степен на успешност во оставруавњето на кривично правната заштита и третман на малолетникот кога тој ќе се појави како сторител на криминално дело,а со тоа ќе се направи и квалитетен исчекор во остварувањето на поголем степен на успешност (ажурност, ефикасност и законитост),низ целиот тек на постапката и тоа во сите нејзини фази на кривичната-казнена постапка против малолетниците.( Арнаудовски,Нанев, 126)

Од стручната јавност изнесени се многу приговори во поглед на условите што треба да ги исполнува судијата за малолетници. Сепак, по мое мислење, барањата за високи квалификации и способности на судијата за малолетници треба да останат еден од основите а извршување на функцијата судија за малолетници.

Судијата за малолетници, не се избира, туку се распоредува со годишниот распоред за работа, да работи во одделот за малолетници.

Судијата за малолетници не смее да губи од вид дека тој секогаш треба да направи чекор за да ја запознае личноста и потребите на адолесцентот, да направи досие за личноста за да може подоцна да донесе најсоодветна пресуда. Судијата може да работи сам во својата канцеларија, меѓу своите хартии од закони, но така осамен во својот кабинет, без контакт со голем број на професионалци од областа на хуманитарните науки, судијата за малолетници ќе наликува на орел во кафез или на скулптор кој се обидува да го обликува парчето дрво без никакво орудие. Тие остваруваат непосредни контакти со странките од отворањето на постапката па се́ до истекот на донесената мерка, односно санкција, но со оглед на тоа што пресудата зависи најмногу од досието на личноста отколку од делото, судијата мора да препише особено големо внимание и важност на соработката со различните видови специјалисти. Но, меѓутоа, се поставува прашањето како и со кого да соработува. Во оваа насока треба да разликуваме три стадиуми и тоа: дијагноза, пресуда и третман. (Нанев,130)

Дијагнозата е важна за да се воспостават блиски контакти со социјалните работници, воспитувачи, стручни лица кои помагаат во професионалната ориентација, психолози, лекари но исто така и со полицијата, по можност со специјален тим-полицајци кои работат со малолетници.

Повремените средби, размена на мислења и критички ставови, во многу ќе помогне да се подобри работата на секој од нив.

Дијагнозата мора да биде прецизна и да води кон остварлив третман,практично решение.Воспитната акција која ќе се одреди ќе биде успешна само доколку постои барем делумна согласност од малолетникот или неговото семејство. Дали ова е утопија? Не, доколку се земе предвид бројот на повторништвата. Но исто така треба да се каже дека многу често "најтешките случаи" се на улица, бидејќи се исфрлени од семејството, а потоа, последователно од сите други.

Вториот стадиум пресудата говори дека судијата учествува активно во изборот на предложената мерка.За неа секогаш мора активно да се разговара,не треба да има несогласувања,потребна е комуникација и не треба грубо да се наметнува неочекувана одлука затоа што тоа може да и наштети на воспитната мерка. Судијата мора да ги познава институциите во кои се сместуваат малолетниците, како и начинот на работа на социо-воспитните служби. Потребна е огромна соработка помеѓу социјалните работници,

воспитувачите, директорите на институциите. Потребни се многу телефонски броеви за разговори, средби во судот,повремени писмени извештаи на сите институции.

Работата со семејството е најчесто единствен начин да се реши ситуацијата дури и кога малолетникот е сместен во институција, дури и кога родителите се одвоени со години.

Во сите стадиуми, треба да се разговара,да се комуницира , да се слуша. Потребно е сознавање на сите техники на комуникација.Техниките научени за време на студиите по општествените науки се неопходни но тие не смеат да ја потиснат спонтаноста.Треба да прифатиме да се преиспитаме и да избегнеме мешање на улоги.

Соработката на судијата за малолетници и социјалните работници може да биде ефикасна,но под барем два услова кои се однесуваат на судијата:

1.Детето има право да има судија за малолетници кој е лично мотивиран, кој се стреми кон професионално совршенство,кој има отворен дух, почитување за другиот,и по секоја цена сака комуникација.

2.Државата има политичка одговорност да назначи судии за малолетници во довелен број и да има високи критериуми при нивниот избор.

## 2. Надлежен суд

Законот за судовите (Службен весник на РМ, бр. 58/06, 11.05.2006), воспостави нов концепт и организациона поставеност на судовите во РМ, со тоа што само судовите со проширена надлежност се надлежни да одлучуваат за кривични дела и прекршоци извршени од малолетни лица. Законот за малолетничка правда (Службен весник на РМ, бр. 87/07, 12.07.2007), детално ја утврдува организационата и структурна поставеност на специјализираните судски оддели за малолетнички криминалитет формирани во основните судови со проширена надлежност, кои ги сочинуваат судиите за малолетници, советите за малолетници и советници за малолетници.

Судијата за малолетници ја спроведува подготвителната постапка, донесува одлуки во прекршочната постапка спрема малолетници, претседава со советот за малолетници и врши други работи определени со законот.

Советот за малолетници на основниот суд е составен од судија за малолетници и двајца судии поротници и судијата за малолетници е претседател на советот. Советот за малолетници во основниот суд одлучува во прв степен во постапката за кривични дела и решава по жалбите

против решенијата на судијата за малолетници. Советот за малолетници на Апелациониот суд, е составен од судија за малолетници и двајца судии и одлучува по жалбите против одлуките на советот за малолетници на основниот суд. Во Врховниот суд се формира совет за малолетници составен од пет судии.

Кога станува збор за месната надлежност во постапката спрема малолетниците, по правило се определува според местото на живеење -forum domicile- а ако нема живеалиште или тоа е непознато, месно надлежен е судот на престојувалиштето, а не се одредува според местото на извршување на кривичното дело -forum delicti comissi- како што се одредува тоа во редовната постапка.

Само по исклучок и кога е очигледно дека кај тој суд полесно ќе се спроведе постапката, таа може да се спроведе пред судот на престојувалиштето на малолетникот, иако тој има и свое живеалиште односно пред судот на место на извршувањето на кривичното дело. Ова е во случаите кога е очигледно дека пред тој суд постапката ќе се спроведе без одлагање.

Ваквиот начин на одредување на месната надлежност во постапката спрема малолетниците наоѓа свое оправдување во фактот што утврдувањето на приликите под кои малолетникот се развивал и под кои живее и воопшто прибирањето на податоци во врска со личноста на малолетникот и неговиот психички развој, најефикасно се врши токму во местото во кое тој живее или престојува.

Исто така, ваквиот начин на одредување на месната надлежност е во функција на принципите на итност и економичност на постапката спрема малолетниците.

### 3. Подготвителна постапка

Подготвителната постапка претставува најзначајна фаза во постапката спрема малолетниците за сторени кривични дела, затоа што покрај фактите кои се однесуваат на кривичното дело посебно ќе се утврди возраста на малолетникот,околностите потребни за оцена на неговата душевна развиеност, ќе се испита средината и приликите во која малолетникот живее и други околности што се однесуваат на личноста на малолетникот.

Сите овие податоци посебно оние за личноста на малолетникот, овозможуваат во натамошната фаза - постапката пред советот за малолетници, да се изврши индивидуализација на кривичната санкција и спрема малолетникот да се примени најсоодветната кривична санкција. [1]

Важни карактеристкики на подготвителната постапка се следниве:

- водење на подготвителната постапка е задолжително за сите кривични дела без оглед на нивната тежина,
- за водење на подготвителната постапка секогаш е надлежен судијата за малолетници на надлежниот суд,
- подготвителната постапка има поширок обем на истражувања од обемот на постапката против полнолетни лица бидејќи, покрај фактите за кривичното дело и кривичната одговорност на малолетникот, се утврдуваат и факти за личноста на малолетникот, душевната развиеност, возраста, семејната средина, имотната состојба, поранешниот живот, и други околности поврзани со личноста на малолетникот,
- утврдувањата во подготвителната постапка најчесто се дефинитивни бидејќи најголем број на случаи се решаваат на нејавна седница на советот за малолетници, па поради тоа учеството на странките во подготвителната постапка е пошироко отколку во постапката против полнолетни лица,
- подготвителната постапка не служи само за собирање материјал за одлука, туку и за преземање на мерки за заштита, помош и надзор во текот на постапката,
- делбата на првостепената постапка на фази: истрага, обвинување и главен претрес во постапката против малолетниците не постои или не е така изразена како во постапката против полнолетни лица, бидејќи во постапката против малолетниците тежиштето е ставено на подготвителната постапка на која се надоврзува одлучување на нејавна седница, а главниот претрес поретко се држи,
- власта на гонење и можноста за располагање со јавната тужба од страна на јавниот обвинител се ограничени такашто одлуката на јавниот обвинител да не ја поведе подготвителната постапка или да ја запре веќе поведената подготвителна постапка не го обврзува судот. Советот за малолетници, на барање на оштетениот или органот за старателство, може да одлучи подготвителната постапка, наспроти одлуката на јавниот обвинител, да се поведе. Судијата за малолетници може да не се согласи со предлогот на јавниот обвинител за запирање на поведената подготвителна постапка.Во овој случај дефинитивна е одлуката на советот за малолетници која тој ја донесува по сослушување на јавниот обвинител,чие учество во постапката не е задолжително. Ако не сака да учествува, постапката тече и без него.( Нанев, 213)

Зборувајќи за целта на подготвителна постапка, законот за малолетничка правда говори дека покрај фактите што се однесуваат за кривичното дело посебно ќе се утврди возраста на малолетникот, околностите потребни за оцена на неговата душевна развиеност, ќе се испита средината и приликите во кои малолетникот живее и други околности што се однесуваат на неговата личност. Врз основа на ова што е погоре наведено, во подготвителната постапка спрема малолетникот ќе се приберат такви докази и податоци, кои што му се потребни јавниот обвинител врз основа на нив да донесе одлука дали по завршувањето на подготвителната постапка ќе предложи, односно ќе даде предлог за казнување или применување на воспитна мерка или ќе му предложи на судот да ја запре постапката. Во подготвителната постапка исто така се собираат такви докази за кои не постои сигурност дали ќе можат да се повторат на главната расправа. Согласно одредбите од законот, на малолетникот неможе да му се изрече восптина мерка, ако предходно не е поднесено барање за подготвителна постапка. Ова барање мора да се поднесе и во случај кога од страна на органите за внатрешни работи се превземени оперативни активности и дејствија и врз основа на криминалистичката обработка на случајот во целост се расветлени и објасенети сите околности кои се однесуваат на извршеното кривично дело и кога поради оваа или поранешната претходна постапка постојат квалитетни и кванитетни податоци од центрите, прифатилиштата и во воспитно поправните домови, како и другите иниституции за личните и семејните прилики на малолетникот. (Hirjan, Singer,182)

### 2.1. Начин на кој судијата за малолетници постапува во подготвителната постапка

Судијата за малолетници, сам го определува начинот на изведување на одделните дејствија, држејќи се притоа кон одредбите на законот, во онаа мера во која секогаш треба да ги обезбеди правата на малолетникот во постапката, а особено за правото на одбрана, правата на оштетениот и собирањето на докази потребни за одлучувањето.

Во сето останато, судијата за малолетници е слободен и може да го преземе секое процесно дејствие на начин и во мерка која е најоправдана. Целта на ваквата одредба е постапката спрема малолетниците да биде брза, еластична и ослободена од формализам.

На дејствијата во подготвителната постапка можат да присуствуваат јавниот обвинител и бранителот при што  на секое процесно дејствие на кое присуствува јавниот обвинител мора да присуствува и бранителот.

Присуството на овие лица зависи од нивната волја, тие можат но не мораат да присуствуваат. Во законот не се споменува малолетникот, но ако се има предвид дека на малолетникот треба да му се обезбеди правото на одбрана тогаш треба да му се допушти на малолетникот да присуствува на дејствијата во подготвителната постапка ако тој тоа го побара.

По одобрение на судијата за малолетници на дејствијата во подготвителната постапка можат да присуствуваат претставникот на центарот за социјални работи и родителот односно посвоителот или старателот на малолетникот, кои можат да ставаат предлози и да му упатуваат прашања на лицето кое се испитува односно сослушува. Присуството на овие лица зависи од одлуката на судот. Ако нивното присуство го оцени како корисно, судот  ќе им го одобри. Оваа проценка се однесува посебно на родителот односно на старателот на малолетникот, затоа што испитувањето на малолетникот од страна на овие лица може да биде непријатно за малолетникот.

Затоа судијата за малолетници треба внимателно да процени дали малолетникот ќе го испита во присуство на неговиот родител односно старател или ќе го испита сам.

Судијата за малолетници може да нареди малолетникот во текот на подготвителната постапка да се смести во прифатилиште, во воспитна или слична установа, да се стави под надзор на органот за старателство или да му се предаде на друго семејство, ако е тоа потребно за издвојување на малолетникот од средината во која живеел, или заради давање помош, заштита или сместување на малолетникот.

Подготвителната постапка започнува со поднесување на барање до судијата за малолетници на надлежниот суд од страна на јавниот обвинител, при што доколку судијата за малолетници не се согласи со барањето на јавниот обвинител ќе побара за тоа да одлучи советот за малолетници на основниот суд, што значи дека судијата за малолетници со истото може да се согласи или не се согласи. Ако судијата за малолетници се согласи со барањето ќе ја поведе подготвителната постапка без притоа да поднесе формално решение. Затоа против ова дејствие на судијата за малолетници не е дозволена жалба. Требе да се смета дека подготвителната постапка е поведена тогаш кога судијата за малолетници, кој се согласил со барањето на јавниот обвинител, го превземал првото дејствие во постапката, во спротивно ќе побара тоа да одлучи

советот за малолетници на основниот суд. Ако судијата за малолетници оцени дека нема потреба за спроведување на подготвителна постапка, ќе побара извештај за малолетникот и околностите на делото од страна на Центарот за социјални работи кој што е должен извештајот да го достави во рок од еден месец. По добивањето на извештајот судијата за малолетници ќе го изнесе предметот пред советот за малолетници заради конечно решавање во рок не подолг од 8 дена. Ако советот за малолетници оцени  дека има потреба за поведување на подготвителна постапка ќе донесе решение, со кое ќе го задолжи судијата за малолетници да спроведе таква постапка. Законот за малолетничка правда му овозможува на судијата за малолетници за кривично дело за кое е предвидена казна затвор до три години на предлог на јавниот обвинител да изрече санкција без спроведување на подготвителна постапка, ако е случајот доволно разјаснет и собраните податоци за личноста на малолетникот дава доволна основа за донесување на одлуката, тоа го прави судијата за малолетници да биде исклучително креативен и во функција на остварувањето на правата на малолетникот и заштита на неговите интереси од аспрект на зачување на неговиот интегритет и наместо водење на формално судска постапка да се донесе одлука без спроведување на подготвителната постапка. Меѓутоа судијата за малолетници неможе да изрече санкција ако не е доставен извештај од Центарот за околностите на делото и личноста на малолетникот со мислење за санкцијата што треба да му се изрече на малолетникот, а кој што извештај центарот е должен да го достави во рок од 15 дена.

Пред да се изјасни за предлогот и да донесе одлука, судијата за малолетници ќе го сослуша малолетникот и неговиот бранител заради добивање на согласност или не согласување по однос на донесувањето на одлука без спроведување на подготвителна постапка.

Во подготвителната постапка спрема малолетникот, покрај фактите што се однесуваат на кривичното дело, исто така посебно ќе се утврди возраста на малолетникот, околностите потребни за оцена на неговата душевна развиеност, ќе се испита средината во која и приликтие во кои малолетникот живее и другите околности што се однесуваат на неговата личнност. Во подготвителната постапка спрема малолетникот најпрво се утврдуваат фактите за кривичното дело. Појдовна точка за водење на постапката спрема малолетникот е дека делото е извршено, дека тоа е кривично дело и дека постои основано сомнение дека малолетникот е сторител на истото. Ако во постапката се утврди дека нема кривично дело или дека малолетникот не е сторител, судот неможе да изрече кривична санкција без оглед колку причини за тоа постојат од воспитна гледна точка. Утврдување на фактите кои се однесуваат на кривичното дело е

традиционална задача на правосудството. Но кога е во прашање малолетник кривичното дело добива поинаков аспект. Тоа е манифестација на личноста на малолетникот и укажува на многу страни на неговата личност. Затоа овие факти мора да се набљудуваат во најтесна врска со податоците на личноста на малолетникот. Заради утврдувањето на овие околности ќе се сослушаат родителите на малолетникот, неговиот старател и други лица, кои можат да ги дадат пторебните податоци. За овие околности судијата за малолетници ќе побара изветшај од центарот и ако има спрема малолетникот и ако спрема малолетникот била применета санкција за порано сторено кривично дело ќе се прибави извештај за примената на таа санкција. Во подготвителната постапка посебно ќе се утврдат годините на старост на малолетникот, бидејќи од тоа зависи примената или неможноста на примена во целост или делумно на посебните материјални и процесни одредби. Затоа годините на старост на малолетникот мора да се утвдрдат уште на самиот почетокот на подготвителната постапка што се прави на еден вообичаен начин, со увид во извод од матична книга на родените, уверение за државјанство, свидетелство за завршено образование, здра вствена книшка, со помош на сведоци, а во случај на неопходност и со медицински преглед. Судијата за малолетници неможе по слободна оценка да ги утврди годините на старост на малолетникот.

Податоците за личноста на малолетникот ги прибавува судијата за малолетници. Поради тоа потребно е судијата за малоледници да биде специјализиран во извршувањето на судиската работа и специјализиран за прашања кои се однесуваат на малолетничката деликвенција, личност со високи морални, етички и карактерни особини, со висок степен на педагошка комуникација отколку формален судски пристап кон малолетниците. Така судијата за малолетници уште на самиот почеток на процесот мора да му се приближи на малолетникот и со него да воспостави непосреден контакт, контакт на доверба, разбирање ‘‘Судијата најмалку му суди на малолетникот, најмногу остварува процес на воспитување преку објаснување на врската помеѓу личноста и казненото дело, тој е најмалку судија, најмногу човек што ја одредува идната судбина и развој на младата личност и почитување‘‘.[2] Не случајно се напоменува колку е важен првиот контакт со малолетникот. За успешно да се оствари овој контакт неопходно е судијата да ја познава психата на малолетникот што подразбира поседување на одредени дополнителни знаења надвор од неговото правно познавање (Veillard- Cubulskap.705). Но судијата по правило мора и понатаму да го следи малолетникот, да го следи процесот на превоспитување, да ги

следи неговите успеси, но истовремено судијата мора да си ги објасни и причините од евентуалниот негов неуспех што многу пати досега и се случувало.

Основната причина поради која што денес се наметнува, а тоа е прашањето за специјализацијата како неопходен елемент во извршувањето на судиската функција, а поточно судија за малолетници, требе да се бара во тоа што и потполното запознавање на личноста се покажува како нешто без кое што неможе да се одговори на клучните прашања врзани за личноста и казнивото дело. Ако се сложиме со ова, тогаш можиме да тврдиме дека тоа се два процеси кои се наоѓаат во корелација и тоа запознавање специјализација. Едното го претпоставува другото, едното без другото неможе.

Посебната улога на судијата за малолетници не смее да се свати како можност за давање на одговор и во оние области каде што одговор можат да дадат само компетентни стручни лица, туку напротив она што се бара од судијата е да може да го разбере, е да може користејќи го своето правно знаење и знаење стекнато во областите од другите научни дисциплини да донесе одлука која ќе биде од најдобар интерес на малолетникот. [3]

За да може да се одлучува за кривичната одговорност, за да може да се примени постапката предвидена за малолетниците со цел да се избегнат по секоја цена непријатностите за малолетникот е неопходно да се имаат посебните знаења и од тие причини всушност се сака да се постигне таа цел и поради тоа уште повеќе се зголемува улогата на судијата во целокупниот систем на малолетничка правда.  Во спротивно не би имало ни потреба од основање на посебни специјализирани одделенија во судовите со приоширена надлежност, ниту пак нивно просторно и организационо делување.

Кога за утврдување на здравствената состојба на малолетникот, на неговата душевна развиеност, на психичките својства, способности и наклонетости е потребно малолетникот да го прегледа стручен тим, за овој преглед ќе се определат лекари психолози и педагози кои прегледот може да го извршат во специјализирани здравествени установи. Од тој аспект судијата за малолетници е креатор на одделните дејствија кои што се изведуваат во самата постапка. Испитувањето на средината во кои приликите под кои малолетникот живее е многу значајно и тоа помага да се разбере однесувањето на малолетникот кое го довело во извршување на кривичното дело.  Судијата за малолетници може да определи малолетникот во текот на воспитната постапка привремено да се смести во воспитна установа, да се стави под надзор на центарот или да се смести во згижувачнко семејство, ако е тоа потребно заради издвојување на

малолетникот во средината во која што живее или давање помош и заштита во средината што живее малолетникот. Подготвителната постапка е судска постапка и неа ја води судијата за малолетници на надлежниот суд. Малолетникот може да биде задржан од овластените службени лица, само е затечен при извршување на тешко кривично дело или против него е распишана потерница или кога е затечен при извршување на друго кривично дело, ако има опасност делото да го повтори или да го доврши или кога е затечен при извршување и на друго кривично дело, во состојба која бара мерка за негова заштита или ако неможе да се утврди неговдиот идентитет.

Задржаниот малолетник без одлагање, а најдоцна во рок од 12 часа мора да биде изведен пред судијата за малолетници, кој што одлучува за основаноста и ја цени законитоста на лишувањето од слобода. Во текот на постапката против малолетникот судијата за малолетници може да донесе на предлог од јавниот обвинител решение за притвор по претходно прибавено мислење од Центарот, а при простоење на основите од чл.199 од ЗКП. Притворот може да се изрече само како крајна мерка за обезбедување на присуство на малолетникот во текот на постапката и ако тоа неможе да се постигне со другите мерки предвидени со законот за кривичната постапка. 

## 2.2. Завршување на подготвиотелната постапка

Откако ќе ги испита сите околности што се однесуваат на извршувањето на кривичното дело и личноста на малолетникот, судијата за малолетници по завршувањето на подготвителната постапка ги доставува списите до надлежниот јавен обвинител кои може во рок од 8 дена да бара подготвителната постапка да се дополни, да се откаже од натамошно гонење или да стави образложен предлог до советот за малолетници за применување на санкции.

Доколку јавниот обвинтиел се откаже од гонење оштетениот во рок од 8 дена од известувањето да побара од Советот за малолетници за продолжување на постапката. Доколку јавниот обвинител не стави предлог за дополнување или предлог за запирање на подготвителната постапка, тогаш тој доставува предлог за казнување или предлог за примена на воспитна меркаспрема малолетникот до советот за малолетници на надлежниот суд.

### 3. Постапка пред советот за малолетници

По приемот на предлогот на јавниот обвинител, како и кога постапката се води без предлог на јавниот обвинител, судијата за малолетници кој председава со советот за малолетници, закажува седница на советот или главен претрес, ако е утвдрдена неспорна фактичка состојба. Дали постапката пред советот за малолетници ќе се води на седница на советот или на главен претрес одлучува судијата за малолетници кој секогаш е и претседател на советот за малолетници. Притоа, тој се раководи од природата на кривичното дело и податоците за личноста на малолетникот, квалитетот на прибавените докази, за утврдување на решавачките факти, одбраната на малолетникот и потребата од контрадикторно расправање, како и видот на кривичната санкција која се наметнува да биде изречена врз основа на целокупната состојба на работите поврзани со личноста на малолетникот и со кривичното дело.Законот за малолетничка правда разликува два облика на постапка пред советот за малолетници и тоа седница на советот или главен претрес. При одлучувањето дали ќе се закаже седница на советот или главен претрес, судијата за малолетници секогаш мора да ја почитува одредбата на член 117 ст.2 од законот за малолетничка правда до каде е предвидено дека казни и заводски воспитни мерки може да се изречат само по одржан главен претрес, додека другите воспитни мерки може да се изречат и во седница на советот. Во седница на советот може да се одржи главен претрес.

За седницата на советот се известуваат и на неа можат да присуствуваат јавниот обвинител, бранителот, и претставникот на органот за старателство, а кога е тоа потребно и малолетникот и неговите родители односно старателот. Одлуката дали ќе закаже седница на советот или главен претрес, судијата за малолетници мора да ја заснова на согледување на состојбата на доказите и степенот на веројатност за постоење на факти кои се однесуваат на кривичното дело, согледаноста на личноста на малолетникот и проценка на санкцијата која би дошла предвид. За присуство на малолетникот на седницата на советот одлучува судијата за малолетници, односно претседателот на советот, а тоа произлегува од околноста дека тој закажува седница на советот и наредува кој треба да се повика на неа.

Во постапката пред советот за малолетници законодавецот тргнал од претпоставката дека главниот дел од работата веќе е завршен во подготвителната постапка. Поради тоа, тежиштето на сите работи  во постапката према малолетниците е префрлена од главната расправа на

подготвителната постапка( Singer,I, 405). Во другата фаза од постапката останува да се изврши најодговорната задача во целата постапка а тоа е изборот на адекватна санкција. Со оглед на тоа дека тоа не е исклучиво работа на правното одлучување, законодавецот му оставил на судот значителна самостојност во пронаоѓањето на адекватна процесна форма, и предвидел многу големи отстапки од главната расправа во редовната кривична постапка.

Постапката пред советот за малолетници започнува со поднесување на предлог од страна на јавниот обвинител за примена на воспитна мерка, односно предлог за изрекување казна на малолетникот. Овој акт на јавниот обвинител не е ниту обвинение, ниту обвинителен предлог, па поради тоа во постапката према малолетниците нема испитување на обвинението по повод приговор на обвинетиот.

Постојат многу отстапувања од редовната кривична постапка поради што постапката према малолетниците ја прават посебна и специфична.

Така на пример, советот за малолетници не е врзан за предлогот на јавниот обвинител да се примени оваа или онаа воспитна мерка или да се примени казна, така да судот може да оди и надвор од барањето на јавниот обвинител. Советот не е врзан ни за описот на делото на јавниот обвинител и може без предлог за измена или проширување на обвинението да донесе одлука врз основа на фактичката состојба утврдена на главната расправа.

Ова значи дека не треба да се бара постоење на објективниот идентитет помеѓу обвинението и пресудата што несомнено претставува инквизиционен елемент во кривичната постапка. Постои уште еден значаен инквизиционен елемент во постапката пред советот за малолетници, а тоа е можноста постапката да се води без јавниот обвинител воопшто, бидејќи тој во текот на подготвителната постапка се откажал од предлогот или пак не покренал постапка. Во таков случај, нема предлог за примена на воспитна мерка а подготвителната постапка непосредно прераснува во постапка пред советот за малолетници.

Сето ова што е погоре кажано претставуваат инквизициони елементи во постапката пред советот за малолетници кои во суштина укажуваат на мошне широките овластувања на советот за малолетници во оваа фаза на постапката. Постапката пред судот не смее да го доведе во прашање идниот развој на малолетникот, па затоа е оставена можност од избор на онаа процедура која нема штетно да влијае на малолетникот, односно на неговата личност. Во овој поглед, очигледно е дека главната расправа е помалку успешно средство.

Имено, се дава на советот овластување да отстапи од општите процедурални правила, но не кажува во кој случај и на кој начин треба да се отстапи од општите правила. Според мое мислење, малолетникот мора да биде сослушан на главната расправа, и тоа во присуство на јавниот обвинител кој доставил предлог и во присуство на бранител во случај на задолжителна одбрана. Во поглед на отстапките од другите правила, тешко е да се даде некое правило каде и до каде судот за малолетници треба да оди во спроведувањето на неформалната расправа која би важела за сите случаеви. Сето ова зависи од личноста на малолетникот, неговата зрелост, од судијата за малолетници, и неговите импресии во подготвителната постапка, и од држењето на малолетникот.

Понекгаш во создавањето на атмосфера на расправата, важна улога има и интуицијата на судијата за малолетници од кого што, во голема мера, зависи каков карактер и тек ќе има главната расправа. Без намера да се даде рецепт за спроведување на главната расправа спрема малолетниците ќе наведеме некои облици на отстапување од редовната главна расправа која во одредени случаи може да се примени. На пример, наместо читање на предлогот на јавниот обвинител да се применат воспитни мерки, односно малолетникот да се казни, судијата за малолетници може усмено да ја изложи неговата содржина на јазик и начин разбирлив за малолетникот. Сведоците чиишто исказ се однесува на извршеното кривично дело не би требало да се повикуваат на главната расправа, а нивниот исказ да се прочита освен ако фактичката состојба во поглед на извршувањето на кривичното дело е спорна. Законот за малолетничка правда дава можност малолетникот да се отстрани од главната расправа и оваа можност навистина треба да се користи при сослушувањето на родителите на малолетникот или претставниците на органот за старателство, читањето на извештајот на старателскиот орган или наодот на вештакот за биосоцијалната состојба на малолетникот, како и за време додека говори јавниот обвинител и бранителот на малолетникот ( Singer, II, 33). Во некои случаи може да се отстапи од редовниот начин на водење на записникот на расправата со машина и записникот да се пишува рачно, или по одржаната расправа да се состави записник, затоа што бучавата на машината го ремети мирот и ја зголемува формалноста на расправата и влијае на однесувањето на малолетникот. 

Судијата за малолетници треба расправите да ги одржува во својата работна канцеларија а не во судниците и тоа во деновите кога останатите судии во судот не расправаат. Сето ова се

начини за да се избегне формализмот во расправата и штетното влијание во малолетникот по неговото доаѓање во судот, иако судијата за малолетници во секој поединечен случај мора да пронајде вистинска форма и вистинска атмосфера за одржување на расправата.

Другиот облик на постапка пред советот за малолетници е седница на советот во којашто се можни повеќе отстапки од редовната процедура. Решавајќи на седница, советот одлучува врз основа на списите и посредна оцена на доказите во отсуство на малолетникот, што значи дека постапката не е ниту усмена ниту контрадикторна. Во донесувањето на одлуката учеству- ваат не само членовите на советот, туку и јавниот обвинител, бранителот и претставникот на органот на старателство кои се известуваат за одржувањето на седницата и на неа можат да присуствуваат. Со ова постапката се претвора во некој вид на советување во коешто учествуваат членовите на советот, јавниот обвинител, бранителот и претставникот на органот за старателство за тоа која мерка е најцелесообразна. Законот за малолетничнка правда поставува одредени ограничувања во поглед на одржувањето на седниците на советот и не дозволува на седница да се изречат заводски мерки или казна малолетнички затвор. Седниците на советот претставуваат многу погодно средство за да се избегне контактот на малолетникот со судот, ако таквиот контакт може да делува штетно на неговиот развој, па сметаме дека би требало често да се применува посебно во постапката према малите малолетници. Еластичноста и неформалноста на постапката се постигнува со отстапките од редовната постапка, во постапката према полнолетните лица коишто отстапки се разликуваат не само дали се работи за главна расправа туку и за седници на советот.

Главната расправа према малолетниците е организирана во духот на основните начела на акузаторната постапка, односно начелото на усменост, непосредност и контрадикторност.

Важен акузаторски елемент е одредбата дека малолетникот не може да се суди во отсуство. Функцијата на кривичното гонење е одвоена од функцијата на утврдување на фактите при што како овластен тужител се појавува исклучиво јавниот обвинител. Меѓутоа, постојат и одредени отстапки од овие акузаторни начела, така што во главната расправа према малолетниците имаме и некои елементи од акузаторната постапка.

Пред сé, советот за малолетници може во некои случаи да ја преземе и функијата на гонењето а при донесување на одлука за санкција може и да не го почитува предлогот на барањето на јавниот обвинител.

Друг инквизиционен елемент е тајност на постапката, што значи дека јавноста е исклучена, но на овој претрес може да се дозволи да присуствуваат лица коишто се занимаваат со заштита и воспитување на малолетници или се занимаваат со проблемите на сузбивањето на проблемите на малолетничка деликвенција, а исто така и научни работници како професори, научни истражувачи, педагошки работници и слично. Сосема е подруга сликата кога станува збор за седници на советот, кадешто едвај можат да се забележат траги од акузаторната постапка. Постапката на седниците на советот е писмена и тајна, нема непосредна оцена на доказите, а контрадиктор- носта во одредена мера е зачувана бидејќи јавниот обвинител и бранителот на малолетникот може да даваат појаснувања на седниците на советот коишто можат да се одржат и во нивно отсуство.Поради ова, инквизициониот карактер на кривичната постапка према малолетниците треба да се разбере само како модерна и прогресивна кривична постапка која е прилагодена на посебната цел на постапката према малолетникот.

Во постапката спрема малолетниците можат да се донесат два вида на одлуки и тоа : решение и пресуда.

Советот со решение ќе ја запре постапката во случаите кога спроед одредбите на Законот за кривична постапка судот донесува пресуда со кое обвинението се одбива или со кое обвинетиот се ослободува од обвинението, како и кога советот ќе најде дека не е сообразно на малолетникот да му се изрече санкција. Воспитни мерки и мерки на безбедност советот изрекува со решение во чија што изрека се наведува само која мерка се изрекува, но малолетникот нема да се огласува за виновен за кривично дело што му се става на товар. Во образложението на решението ќе се наведе описот на делото и околностите што ја оправдуваат примената на изречената мерка. Пресудата со која на малолетникот му се изрекува казна или алтернативна мерка, се донесува оформена осудителна пресуда, предвидена со закон за кривична постапка. Судот може малолетникот да го осуди на плаќање на трошоците на постапката и на исполнување на имотно правните барања на оштетениот во согласност со одредбите на законот за кривичната постапка само ако на малолетникот му изрекол казна или алтернативна мерка.  Ако спрема малолетникот е применета воспитна мерка, трошоците на постапката паѓаат на товар на буџетот на Р.М., освен кога на малолетникот му е изречена посебна обврска за надоместување на штета (чл. 38 ст.2 алинеја 2 од Законот за малолетничка правда).

Обликот и содржината на одлуката што му се изрекува на малолетникот се разликува од обликот и содржината на судската одлука кога на полнолетно лице му се изрекува казна (воспитната мерка се изрекува со решение, малолетникот не се прогласува за виновен, описот на извршеното кривично дело се наоѓа во образложението, а не во диспозитивот на решението). Во образложението на одлуката судот мора да ги наведе сите околности за фактите кои се сметаат за утврдени а кои влијаат на изречената воспитна мерка. Притоа посебно треба да се внимава да не се внесат оние податоци за малолетникот и неговото семејство кои, ако малолетникот ги осознае, би можеле негативно да влијаат на неговиот развој и неговиот однос кон семејството.

Ова секако бара од судијата за малолетници многу поголема умешност и тактичност во образложувањето на судската одлука и во тој поглед задачата на судијата за малолетници е многу сложена и одговорна од пишувањето на пресуда со која на полнолетно лице му се изрекува казна. Законот за малолетничка правда во полна мерка го признава правото на малолетникот на жалба притоа се наведува многу широк круг на лица коишто можат да изјават жалба во корист на малолетникот и против неговата волја.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Арнаудовски,prof. d-r Qup~o, Nanev, d-r Lazar
Predlog nacrt tekst, Maloletni~ki kaznen zakonik, Sovet za preventiva protiv maloletni~ka delikvencija, Ohrid, 2001 godina.

Nanev, d-r Lazar,
Polo`bata na maloletnikot vo krivi~nata postapka, Daskal Kam~e,Kavadarci, 2003.

Singer d-r Mladen, Hirjan Franjo,
Maloljetnici u krivicnom pravo,Globus,Zagreb 1987 godina, 182

Singer d-r Mladen
I - O nacelo oportuniteta i trajanju krivicnog postupaka prema maloletnicima, Jugoslovenska revija za kriminologiju i krivicno pravo,1968 br.3 , str. 405.
II - O nekim vidovima ucesca socijalnog radnika u krivicnom postupku, Socijalni rad, 1963,br.3-4.

Veillard H. - Cybulska,
Choix, selection et formation des magistrates de la jeunesse, oùen est-on?, RSC, 1965, p. 705.

[1] Zapoznzvaweto na li~nosta na maloletnikot se pravi i vo onie slu~ai koga doa|a do otstapuvawe na postapkata poradi nedostatok na dokazi deka maloletnikot izvr{il delo poradi koe e pokrenata postapka; sobiraweto na podatoci pred raspravata sodr`i vo sebe i utvrduvawe na mislewa koi ma`at da bidat irelevantni za podocne`nata postapka.

Tappan na V me|unaroden kongres na op{testvena odbrana vo Stockolm 1958 godina, praksata na mnogu sudovi za maloletnici vo pogled na ispituvaweto na li~nosta na maloletnikot pred odr`uvaweto na raspravata, ja proglasil kako "`alewe na vrednata procedura", bidej}i spored nagovoto mislewe ne e samo neekonomi~na vo slu~aj vo postapkata da ne bide utvrdeno delo poradi koe postapkata e pokrenata, tuku gi kr{i i osnovnite principi na raspravata. Vidi P. W. Tappan, The Competent Authorities, General Raport, Actes du Cinquième congrès international de Dèfence sociale, Stockolm, 1958, p. 277.

[2] " Site onie koi se nadle`ni da donesuvaat odluki po predmeti za maloletnici, podrazbiraj}i go tuka i obvinuvaweto po tie predmeti moraat da bidat izbrani, pred sé, sprema nivnata sposobnost da gi razbiraat maloletnicite i da so~uvstvuvaat so niv, a treba isto taka da poseduvaat i nekoi posebni znaewa od op{testvenite i psiholo{kite nauki ". Vidi: VIIIe congrés pénitentiaire international de Washington, RPDP, 1910, p. 1176.

[3] Interesno e deka na desettiot me|unaroden krivi~en penticijaren kongres, koj e odr`an vo Praga 1930g. raspravaj}i po ova pra{awe, donesena e preporaka, pred sé, za sudija poedinec ili ako toa e nemo}no poseben sudski sovet. ,,Sudot za maloletnici treba da bide sostaven - se veli vo porakata na ovoj kongres - {to pove}e e mo`no od sudija poedinec koj{to e specijaliziran za pra{awa koi se odnesuvaat na maloletni~kata delikvencija ili da podrazbiraat prisustvo na porotnici koi bi trebalo da bidat izbrani od lekari, pedagozi i socijalni rabotnici,,. - *Compterendu du congres de Prague,* RPDP, 1931, p.20

 Maloletnicite koi se nao|aat vo pritvor dodeka go o~ekuvaat sudeweto treba da gi imaat site prava i garancii od osnovnite pravila za postapuvawe so zatvorenici kako i od me|unarodnata spogodba za gra|anski i politi~ki prava, a osobeno ~lenovite 9 i 10 paragraf 2b i 3. Maloletnicite koi se nao|aat vo pritvor vo o~ekuvawe na sudeweto treba da se dr`at odvoeno od vozrasnite i treba da bidat smesteni vo posebna institucija ili da bidat smesteni vo istata institucija so vozrasnite no vo odvoen oddel. Dodeka se vo pritvor maloletnicite treba da dobijat potrebno zgri`uvawe za{tita i seta potrebna posebna pomo{ - socijalna, obrazovna, stru~na, psiholo{ka, medicinska i fizi~ka koja bi im bila potrebna vo pogled na nivnata vozrast, pol i li~nost.

Dokolku sepak bide izre~ena merkata pritvor, Tokiskite propisi 12.3 velat: "maloletnikot treba da dobie objasnuvawe za okolnostite koi ja opravduvaat merkata pritvor, kako i za pravata i obvrskite na prestapnikot". Ovie me|unarodni propisi se primenuvaat bez kakov bilo vid diskriminacija vrz osnova na rasa, boja, pol,vozrast, jazik, veroispovest, politi~ki ili drugi celi, nacionalno ili socijalno poteklo, sopstvenost, ra|awe ili drug status. Odlukata za pritvoruvawe }e se zasnovuva, soglasno ovie propisi, na procenka vrz osnova na vostanoven kriterium vo odnos na prirodata i serioznosta na prestapot i li~nosta i potekloto na prestapnikot, kako i celite na presudata i pravata na `rtvata.

Pekin{kite pravila natamu velat: "site onie {to se zanimavaat so slu~aite na maloletnite delikventi treba da imaat ovlastuvawe za re{avawe na ovie slu~ai vo kratka postapka, diskretno, vo soglasnost so kriterium- ite {to se postaveni za taa cel vo soodvetniot praven sistem" , a se vo soglasnost so principite {to se sodr`at vo pravilata.

Pravila 13.1, 13.2, 13.3, 13.4 i 13.5 od oddel pritvor vo o~ekuvawe na sudeweto, standardni minimalni pravila na Obedinetite nacii za sproveduvawe na maloletni~ka pravda (Peking{ki pravila, 96 plenarno zasedanie, 29/11/1985

 Vo nekoi dr`avi vo SAD, vo maloletni~ki sudovi ne se vodi zapisnik na raspravata, tuku samo se sostavuva bele{ka za odlukata na sudot, dodeka Standard Juvenile Court Akt predlaga upotreba na mehani~ki zapisnik, odnosno magnetofon. Vidi D,R,Barret, W. J, T. Brown, J. M. Kramer. Juvenile Delinqency Police, State Courts and Individualized Justice, Harvard, Law Review, number 4 p.799